## ПРОПОЗИЦИИ ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА ТУРНИРОТ ВО БАСКЕТ

ЧЛЕН 1

Право на учество на турнирот во БАСКЕТ на МЕСЕЦ НА СПОРТОТ имаат сите клиенти кои пријавиле учество со играчи кои се аматери, односно не се регистрирани во првите 2 лиги во баскет во последните 3 години. Играчите мора да бидат вработени во компанијата за која настапуваат. Проверката ќе се врши врз основа на приложените документи и евиденцијата на Кошаркарска Федерација на Македонија за времетраење на квалификациските рунди. Максимален број на играчи дозволен за пријавување е 7 (3 + 4) кои можат неограничено да се менуваат во текот на еден натпревар.

ЧЛЕН 2

Натпреварите ќе се играат во термините меѓу 19:00 и 23:30 во работите денови, а викенд меѓу 18:00 и 24:00.

ЧЛЕН 3

Времетраење на сетот е 15 минути или која екипа прва ќе постигне 16 поени. Во случај на нерешен резултат (14 : 14), сетот го добива онаа екипа која прва ќе обезбеди 2 разлика Победник на натпреварот е екипата која ќе биде подобра од 3 изиграни сетови од по 16 поени. Секоја победа на крајниот натпревар носи 2 бода.

ЧЛЕН 4

Времето за напад ќе биде мерено од судиите на натпреварот. Екипата која ќе постигне кош, го добива правото на посед на топката во следниот напад. Тројката во баскет се брои 2 поени. Секој играч има право да направи по 4 лични грешки, а секоја екипа има право на само 5 тимски фаули, секој нареден фаул ќе се санкционира со слободно фрлање за противникот. Секоја екипа има право на еден тајм аут (по сет). За секоја победа од 2:0 се добива по 3 бодови, а за секоја победа од 2:1 се добива по 2 бода за победникот и 1 бод за поразениот.

ЧЛЕН 5

Секој натпревар на кој една од екипите нема да го има минимумот потребни играчи во екипата 3, се смета за службено добиен натпревар за противничката екипа со резултат 2:0. Максималното дозволено време за комплетирање на екипата е 5 минути од официјално закажаното време на одржување на мечот.

ЧЛЕН 6

Секој натпревар ќе го суди судија со лиценца од кошаркарската федерација на Македонија.

ЧЛЕН 7

Системот на натпреварување се состои од две фази. Првата фаза подразбира играње на натпревари во група принцип секој со секого и втората фаза каде се играат елиминациони натпревари помеѓу првите 4 екипи.

ЧЛЕН 8

Доколку 2 или повеќе екипи во рамки на иста група имаат ист број бодови за крајниот пласман одлучува меѓусебниот дуел на екипите, па сет разлика, па кош разликата.

ЧЛЕН 9

Сите резултати и изгледот на групите ќе биде објавуван на web страната www.mesecnasportot.com, по завршување на секој натпревар во првата фаза, а во втората фаза по завршување на секое елиминационо коло се до финалето (1/4 финале, ½ финале, мало финале за 3. место и големо финале).

* за евентуални нерегуларности во врска со пријавените учесници, екипите ќе бидат дисквалификувани без враќање на котизацијата за учество.

